ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655
Matični broj: 3805760; Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 70010 val – 0700000 – 256122;
www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 04 – 1/2006
Загреб, 04. 02. 2006.

# З А П И С Н И К

од **7. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **04.02.2006. година** со почеток во **11.15 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** С. Сагадин – Пула – претседателка на Заедницата, В. Апостолски – Сплит, М. Гавровски – Загреб, М. Мајиќ – Задар, Ј. Цветичанин – Осиек, И. Христодулов – Риека и Н. Гроздановски – Загреб.

**Гости:** Махи Несими – Амбасадор на РМ во РХ, Стојан Руменовски – Министер Советник на Амбасадата на РМ во РХ, отец Кирко Велински – свештеникот на МПЦ во РХ, Е. Петровска – секретарка на Заедницата, М. Апостоловска – гл. уредничка на „М. глас", М. Паризоски – дописник на „М. глас" – Загреб, В. Настески – дописник на „М. глас" – Риека, Б. Јањиќ – дописничка на „М. глас" – Осиек, А. Урдинова Пережа – дописничка на „М. глас" – Сплит, Р. Димовски – дописник на „М. глас" – Пула, С. Дисоски – компјутерска обработка на „М. глас„ М. Георгиева Петриќ – лектор на „М. Глас„ Благој Штерјов – Загреб и Душица Цветковски – Осиек.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, С. Сагадин. На самиот почеток, по утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, таа ги поздрави сите присутни, а посебно им се заблагодари на Амбасадорот М. Несими и на Министерот Советник на Амбасадата С. Руменовски за нивното присуство како гости на оваа седница. Потоа му даде збор на г. Руменовски кој најнапред се заблагодари на поканата за гостувањето на седницата на УО, а потоа истакна дека како нов Министер Советник на Амбасадата, на кој од неодамна му беше доверена таа функција, ќе настојува да даде значаен придонес во подобрувањето на соработката помеѓу мак. културни друштва во Хрватска како и во подобрувањето на соработката со меродавните институции во Македонија. И Амбасадорот ги поздрави присутните и со неколку зборови нагласи дека основна цел на Амбасадата е таа да се грижи за единството на Македонците во РХ, кои требаат достојно да ја презентираат мак. култура и идентитетот на овие простори, а таа ќе се потруди да им помогне колку што може. Препуштајќи и го водењето на седницата на претс. на Заедницата, напомена дека и тој и Министерот Советник подоцна во текот на седницата пак ќе се вклучат во разговорот, за да ги запознаат присутните со неколку информации за новостите во врска со соработката со РМ.

Во продолжетокот на седницата, претсед. го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Решавање на тековните прашања на РО на списанието „Македонски глас„ и усвојување на донесените одлуки;
2. Усвојување на записникот од 6-тата. седница;
3. Анализа на активностите на Заедницата и друштвата од претходната (6.) седница до денес – друштвата се должни својата анализа да ја поднесат на седницата во писмен облик која останува како прилог на записникот;
4. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za 2005. godinu";
5. Усвојување и договор за „Планот и програмата на работа за 2006. година„ – извештај од состанокот во Советот за националните малцинства во РХ за доделување на финансиски средства за 2006. година поднесува С. Сагадин;
6. Донесување на одлука за именување на дописник, а воедно и член на Редакцискиот одбор на „Македонски глас„ за новоформираното друштво „Охридски бисер„ од Загреб – Даниела Стилин;
7. Усвојување на раскинувањето на Договорот со досегашниот книговодител на Заедницата Зоран Мартиновиќ и потпишуваето на Договорот со новата книговодителка Божена Павлиќ;
8. Именување на инвентурна комисија која ќе спроведе инвентура за имовинската состојба на Заедницата и ќе направи записник, ретроградно за 2005. година;
9. Договор околу предлогот за Статутот на Заедницата кој ќе биде даден на усвојување на редовното Собрание на Заедницата;
10. Донесување на одлука за датумот на одржувањето на редовното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
11. Разно.

**Ад. 1.** Претс. С. Сагадин за произлезените недоразбирања во врска со поимите Редакција и Редакциски одбор на списанието „М. глас„ даде кратко појаснување и понуди предлог да Редакцијата биде составена од членови – дописници на „М. глас„ а да се оформи Редакциски одбор кој ќе биде составен од три члена и кои ќе имаат задача заедно со гл. уредничка на списанието да го припремат списанието за печатење. Потоа и даде збор на гл. уредничка М. Апостоловска која ги прочита новите предлози за тековните прашања на списанието (прилог). По расправата во која учествуваа и членовите на редакцијата на „М. глас„, со јавно гласање членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Како членови на Редакцијата на списанието „М. глас„ именувани се досегашните дописници и тоа: Марко Паризоски – Загреб, Бранка Јањиќ – Осиек, Ратко Димовски – Пула, Владо Настески – Риека, Анка Урдинова Пережа – Сплит и Мирјана Мајиќ – Задар;
- Како членови на Редакцискиот одбор на списанието „М. глас„ именувани се Јагода Цветичанин, Огнен Бојаџиски и Марко Паризоски;
- За дописник, а воедно и член на Редакцијата на „М. глас„ за новоформираното друштво „Охридски бисер„ од Загреб, наместо Даниела Стилин која даде неотповиклива оставка, именуван е Марко Паризоски;
- Почнувајќи од бројот 45., за „М. глас„ ќе бидат хонорирани само текстовите на оние лица кои се наведени во импресариото, а оние текстови кои се интересни за списанието и ќе бидат објавени во истото, а напишани се од други поединци и здруженија кои не се наведени во импресариото и не се во членството на Заедницата односно нејзините друштва, нема да се хонорираат, туку ќе бидат волонтерски трудови;
- Не се хонорираат позајмените материјали, преписите и останатите превземени текстови кои ќе се објавуваат во „М. глас„;

- Рекламите кои ќе се објавуваат во „М. глас„ и понатака ќе се наплатуваат според важечкиот ценовник, а секој поединец-носител на реклама, има право на 10% добивка од вредноста на рекламата.

**Ад. 2.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 6. седница на УО на Заедницата.

**Ад. 3.** Анализите на активностите на друштвата од Пула и Осиек беа во писмен облик предадени на седницата како прилог на записникот, додека анализата на активностите на Заедницата беше заедно со поканата за оваа седница проследена на сите друштва (прилог). Анализите од Риека, Задар, Сплит и Загреб накнадно ќе бидат доставени и приложени на записникот. Бидејќи се покажа интерес друштвата да се запознаат со своите меѓусебни активности, Ј. Цветичанин даде предлог од идната седница сите друштва своите анализи да ги донест во седум копии за да истите се поделат на сите друштва и по еден примерок да се доставува на Амбасадата. Тие анализи всушност треба да бидат оформени во вид на краток информатор за работата на Заедницата и друштвата во изминатиот период. Предлогот беше како одлука со јавно гласање **едногласно усвоен** од членовите на УО.

**Ад. 4.** Во врска со годишниот Извештај на Заедницата за 2005. година за Советот, претс. С. Сагадин рече дека е изработен и на време предаден до Советот (прилог), како и Извештаите на друштвата. Изминатата година, и покрај сите непредвидени издатоци и подмирени долгови, но со рационално и економично работење, беше солвентно завршена. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Извештајот на Заедницата за 2005. година.

**Ад. 5.** На консултативниот состанок во врска со финансирањето на програмите за 2006. година кој се одржа на 17.01.2006. година во Советот за нац. малцинства во РХ, во името на Заедницата беше присутна претс. С. Сагадин која во кратки црти на членовите на УО им поднесе извештај за работата на состанокот. Таа рече дека оваа година тој состанок бил поинаков од досегашните. Имено, формирана е комисија и со секој претставник од малцинствата посебно е разговарано во присутност на претс. и потпретс. на Советот. Програмите и понатака ќе се финансираат според важечките Критериуми за утврдување на финансиската помош за програмите на невладините здруженија и здруженијата на нац. малцинства, но средствата ќе бидат доделувани исклучиво по одлука на таа комисија и без сугестии од страна на представниците на малцинствата. Одлуката за финансирањето на програмите на мак. нац. малцинство за 2006. година сеуште не е донесена, но претс. на присутните им ги прочита програмите кои би требало да бидат финансиски поддржани од Владата. Исто така нагласи дека се очекува зголемување на вкупните овогодишни средства од Советот за 10% во однос на минатогодишните. А доколку ќе се појави потреба за реализација на манифестации кои нема да бидат финансиски поддржани, истите ќе се реализираат со помош на пренамена на добиените средства. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Планот и програмата на работа за 2006. година кој беше направен според пријавените програми на Заедницата и друштвата (прилог).

**Ад. 6.** По оваа точка веќе се донесе одлука (види **Ад. 1.**).

**Ад. 7.** Претс. С. Сагадин ги извести присутните за раскинувањето на Договорот со досегашниот книговодител на Заедницата Зоран Мартиновиќ и склучувањето на Договорот со новата книговодителка Божена Павлиќ, поради неговото недоволно ангажирање и барање на зголемување на приходите кои му се исплатуваат. Според склучениот Договор, на новата книговодителка на Заедницата за извршување на нејзините

обврски према Заедницата, ќе и се исплатува вкупен износ од 600 кн. месечно. Врз основа на ова образложение, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** раскинувањето на Договорот со досегашниот книговодител на Заедницата Зоран Мартиновиќ и склучувањето на Договорот со новата книговодителка Божена Павлиќ.

**Ад. 8.** По оваа точка, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** да се направи инвентура на покретната имовина на Заедницата ретроградно, со датум од 31.12.2005. год., а за инвентурната комисија именувани се Никола Гроздановски, Марко Паризоски и Елизабета Петровска.

**Ад. 9.** По одлуката која беше донесена од членовите на УО, Ј. Јаниќ од Осиек (која е по професија правно лице), го проучи предлогот на Статутот на Заедницата и врз основа на истиот, направи примедби и измени кои беа поделени на присутните членови (прилог). Со овие примедби и измени, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** да се направи конечниот текст на новиот Статут и да се проследи до сите друштва, и доколку сите го прифатат како таков, Е. Петровска да го достави во Поглаварството на последна проверка, пред неговото усвојување на Собранието на Заедницата.

**Ад. 10.** За одржувањето на седницата на редовното Собрание на Заедницата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Седницата на редовното Собрание на Заедницата да се одржи на 25.03.2006. година со почеток во 12.00 часот, во просториите на Хрватското новинарско друштво (да се провери дали е тој датум слободен за резервација на сала, ако не е, да се резервира сала на друго место);
- Поради тоа што Данчо Арсов од Загреб, како еден од членовите на Надзорниот одбор (останатите членови се Славица Шкратуља од Сплит и Живко Силавски од Задар), е член на МКД „К. Мисирков„ – Загреб, а кое е друштво исклучено од членството на Заедницата, се одредува Благој Штерјов од МКД „Охридски бисер„ – Загреб како помошен (дополнителен) член на Надзорниот одбор, но без право на глас и потпис во контролата и припремањето на Записникот за финансиското работење на Заедницата;
- Членовите на Надзорниот одбор да извршат контрола и припремат Записник за Собранието за финансиското работење на Заедницата во временскиот период од минатото Собрание до 01.03.2006. година;
- Контролата Надзорниот одбор да ја изврши околу 01.03.2006. година – најкасно три недели пред седницата на редовното Собрание;
- Заедницата да ги реализира патните и дневните трошоци на членовите на Надзорниот одбор, а по потреба да им се плати и ноќевање;
- Заедницата да ги реализира патните трошоци и половина дневница на делегатите, како и останатите трошоци (закуска, фотокопирање, поштарина, цветен аранжман);
- Во организацискиот одбор за припрема на Собранието именувани се Н. Гроздановски како главен и одговорен во одборот, А. рабузин, Е. Петровска, М. Апостоловска и М. Гавровски, кои се задолжуваат да ги прегледат Статутот, Правилниците, Записниците, да состават Дневен ред и Протокол на одржувањето на седницата на Собранието.

**Ад. 11.** За точката разно (прилог), најнапред претс. С. Сагадин ги информираше присутните за тужбата со која МКД „К. Мисирков„ ја тужи Заедницата за непотполн трансфер на средствата од Советот. По расправата, а во врска со таа проблематика, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Врз основа на одлуката на членовите на УО на Заедницата која беше донесена на 1. седница одржана на 29.05.2004. година (да се поделат режиските трошоци помеѓу

корисниците на работните простории на Заедницата – Заедница 40%, МКД „К. Мисирков„ 40% и МПЦО „Св. З. Мегленска„ 20%), а поради непридржувањето на МКД „К. Мисирков„ на таа одлука, да се потражува од МКД „К. Мисирков„ нивниот неподмирен дел од режиските трошоци во вкупен износ од 1.402,19 кн.;
- Ако не постои друг начин, адвокатот кој ја застапува Заедницата да се обиде да се договори со МКД „К. Мисирков„ во врска со тужбата, да им се исплати стварниот долг во износ од 7.500,00 кн. (МКД „К. Мисирков„ потражува 13.000,00 кн.), намален за нивното долгување према Заедницата (за режиските трошоци), без да се оди во судска постапка;
- Заедницата да се советува со адвокатот како да се постапи во врска со иселувањето на подвижната имовина на МКД „К. Мисирков„ од просториите на Заедницата.

На ова се надоврза, г. С. Руменовски, кој рече дека РМ преку Агенцијата за иселеништво, Министерството за надворешни работи, Министерството за култура и останатите меродавни институции, има интерес да промовира многу поактивна соработка со мак. иселеништво. Мак. нац. малцинство во РХ се финансира со посредство на Владата на РХ, но и РМ е отворена за соработка во рамките на своите можности. За остварување на таа соработка, би било подобро кога Амбасадата би превземала посредничка улога и би се заложила да помогне во реализацијата на некои програми како што се изложби и сл. Но, тоа би било поуспешно кога Македонците на овие простори би биле посложни и поуспешно би ги решавале проблемите меѓу себе. Како конкретен пример за помош, го спомна новоотвореното училиште за негување на македонски јазик и култура и рече дека Амбасадата е спремна да му помогне со донирање на учебници. Исто така, апелираше на Заедницата да таа редовно ја известува Амбасадата за актуелностите, како и за програмските содржини кои ќе се припремаат во иднина. На тоа се надоврза Амбасадорот М. Несими и ги извести присутните дека од неодамна Амбасадата е преселена и делува во нови простории на адреса Звонимирова 6. И тој инсистираше на службените известувања до Амбасадата за активностите на Заедницата и друштвата, да може и таа тие активности да ги промовира во РМ. На крајот повторно се повика на единство меѓу Македонците за доброто на сите. По ова се отвори расправа и членовите на УО се обидоа на Амбасадорот и Министерот Советник да им ја појаснат проблематиката на Заедницата која настана поради неколку деструктивни поединци или група на луѓе кои не и мислат добро на Заедницата и не се заложуваат за единството на Македонците во РХ, за што е доказ и тужбата упатена кон Заедницата. Но тоа не значи дека Заедницата нема да ги надмине тие проблеми со кои е соочена, што ќе биде награда на оние Македонци кои со чест дале свој придонес во презентирањето на Македонија на овие простори и со надеж дека во иднина со поддршка на Амбасадата Заедницата ќе остварува поголема соработка со институциите во РМ во реализирањето на нејзините културните програми.

Во продолжение на оваа точка, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:
- УО ја овласти претс. С. Сагадин да во името на УО одговори на Советот на мак. нац. малцинство за Град Загреб, а во врска со нивниот допис упатен до УО на Заедницата за средствата за ноќевањето на К. Глигоров во Загреб;
- УО ја овласти претс. С. Сагадин да во името на УО одговори на МКД „К. Мисирков во врска со нивното барање да им се овозможи за работа дел од просториите на Заедницата;
- Продажната цена на книгата „Повезнице македонско-хрватске„ од авторот Г. Калоѓера да изнесува 40,00 кн.;
- Почнувајќи од 01.02.2006. година, на секретарката на Заедницата Е. Петровска да и се исплатува месечно паричен додаток за хранарина во износ од 200,00 кн. и износ за месечна карта за јавен градски превоз на најсоодветен начин преку благајната.

Од страна на М. Мајиќ беше упатена критика до В. Апостолски кој оваа година многу пати отсуствувал од седниците на УО и доколку нема да може да присуствува на седниците, да ополномошти друго лице од друштвото од Сплит кое ќе го заменува. На крајот, И. Христодулов ги извести присутните дека МКД „Илинден„ од Риека доби нови простории за работа и дека се моментално во фаза на уредување на тие простории во кои очекуваат да се вселат овие денови, на што сите присутни му упатија честитки.

Седницата заврши во **15.00** часот.

Записничарка:

Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседателка на Заедницата:

Славица Сагадин